


Државен инспекторат за транспорт

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕРСВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR TRANSPORT

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ ЗА 2025 ГОДИНА

PLANI VJETOR PËR MBIKQYRJE INSPEKTUESE PËR INSPEKTORATIN SHTETËROR PËR TRANSPORT PËR VITIN-2025

Дел. Бр. 01- 1565

Датум/Data 13.11.2024 година

Место/Vendi Скопје-Shkup (м.п)

име и презиме-emri dhe mbiemri
Ilir Ramadani
Директор-Drejtori

Потпис-Nënshkrimi

Страница 1

ВОВЕД

Врз основа на член 33 став 1 и 2 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 102/2019), в.д. директорот на Државниот инспекторат за транспорт, донесува Годишен план за инспекциски надзор на Државниот инспекторат за транспорт за 2025 година.

За спроведување на Годишниот план за инспекциски надзор на Државниот инспекторат за транспорт за 2025 година, е спроведена анализа инспекторите од инспекциските служби.

1. РЕЗИМЕ

1.1. Анализа на ризици – При планирањето на инспекциските надзори за 2025 година делумно каде е можно земена е во предвид Методологијата за проценка на ризик. Проценката на ризик е техничка операција која се врши со користење на софтерски алатки и податоци во информацискиот систем за инспекциски надзор. Имено инспекторатот нема таква опрема за анализа на месечните, шестмесечните извештаи. Исто така во текот на 2025 година материјалните закони потребно е да се усогласат со Законот за инспекциски надзор. Во материјалните закони со правилници се категоризирани прекшоците. Во овој дел треба усогласување со Методологијата за проценка на ризик.

1.2. Организација и раководење - Правниот статус на институцијата - Државниот инспекторат за транспорт се планират промени во 2025 година со зголемување на бројот на инспектори преку вработување или превземање, нема да има промени во надлежностите и овластувањата на државните инспектори кои произлегуваат од материјалните закони, Законот за инспекциски надзор и подзаконските акти кои произлегуваат од истите закони, билатералните и мултилатералните договори потпишани со странски земји остануваат исти.

1.3. Инспекциски надзори- со годишниот плана за работа на инспекторатот се планира да се извршат вкупно 5247 инспекциски надзори, од кои согласно член 68 од Законот за инспекциски надзор распределние во: 1.редовни= 4070 или 77.57%, 2.вонредни=539 или 10.27 % и 3.контролни= 638 или 12.16 %. Исто така очекуваниот број на неправилности кои се очекуват да се откријат при извршување на инспекциските надзори се очекува да биде 1836 неправилности, изразено во процент е 35.00% неправилности. Субјектите како и регионите, односно општините во кои ќе се вршат вонредни и контролни надзори не може однапред да се определат, но истите може само статистички да се определат како број на иницијативи за вршење на вонредни инспекциски надзори, контролните инспекциски надзори произлегуваат од спроведените редовни или вонредни инспекциски надзори.

1.5. Обука на инспекторите и административните службеници - Во 2025 година од Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор, се планират да се реализираат две специјализирани обуки. Согласно Годишната програма предвидени се три генерички обуки кои ќе се реализират од страна на Инспекциски совет и Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и

обука за секој инспектор за 2025 година. Во Годишната програма се опишуваат областите и темите за обуките, целите кои треба да се постигнат, целните групи на учесниците, изворите на финансирање на обуките, како и начинот и времетраењето на реализацијата на обуките. Со годишниот план за идивидуално стручно усовршавање и обука на секој инспектор за 2025 година, обуките се прилагодени на новонастанатата состојба и предивидени се он-лине за самостојно учење.

1.6. Буџет и финансирање – Имајќи го во предвид Буџетскиот циркулар за 2025 година доставен од Министерството за финанси е изготвен „**предлог буџет** на Државниот инспекторат за транспорт за 2025 година кој изнесуваа 51.873.000 денари". Со овие одобрени финансики средства треба да се финансираат сите функции кои се предвидени со законите во наша надлежност. Одобрениот буџет за 2025 година, нема развојна компонента за реализација на Стратешкиот план за развој на инспекторатот во кој се планирани зајакнување на административните и оперативните капацитети и развивање на меѓународна сооработка.

1.7. Меѓународна соработка – во согласност со препораките на ЕК и негативната оценка, кои се содржани во Извештајот на ЕК за напредокот на РСМ а се однесуваат за Стратешкиот план за развој на инспекторатот кој е финансиран од ЕУ, се отпочна меѓународна соработка со канцеларија на ЕУ во Скопје. Од месец Октомври започна twinningпроектот во конзорциум Р.Полска и Р.Хрватска кој ќе се реализира во наредните 27 месеци. Од страна на канцеларија на ЕУ преку Suprae програма е спроведен тендер за набавка на нови возила и набавка на специјално возило и опрема, кој тендер е затворен на 28 Август при што не е изберен најповолен понудувач и истиот ќе биде предмет на реобјава до крајот на 2024 година.

1.8. Други активности на инспекциската служба – Државниот инспекторат за транспорт активно учествува во пристапните преговори за влез на РСМ во ЕУ, во поглавје 14 Транспортна политика и поглавје 21 Транс-европски мрежи, преку директно учество на скринизите во Брисел. Исто така инспекторатот активно учествува во работилници организирани од експерти од ЕУ преку TAIEX механизмот за целосно имплементирање и транспонирање на ЕУ директивите и регулативите во домашното законодавство. Во 2025 година инспекторатот продолжува со учество во пристапните преговори, усогласување на домашното законодавство со ЕУ законодавството, учество на работилници организирани од Transport Community, итн.

1.9. Заклучоци и препораки - планираните активности дадени во горенаведеното дел од овој документ ги претставуваат моменталните предности и недостатоци на Државниот инспекторат за транспорт,тие се особено корисни за да се сумират главните недостатоци и предности кои треба да се земаат во предвид за ефикасно и непречено функционирање на инспекторатот, а воедно и колку е важно постоењето на ова институција .

2. АНАЛИЗА НА РИЗИЦИ

При планирањето на инспекциските надзори е земена во предвид Методологијата за проценка на ризик во областите кои ги покрива Државниот инспекторат за транспорт како што се:

- Закон за превоз во патниот сообраќај;

- Закон за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај ;
- Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај;
- Закон за јавните патишта; и
- Закон за жичари и ски-лифтови.

Проценка на ризик е техничка операција која се врши со користење на софтверски алатки и податоци во информацискиот систем за инспекциски надзор. Имено Државниот инспекторат за транспорт нема таква опрема, сопгласно наведеното невозможно е да се врши ,,рачна обработка на податоците,, за проценка на ризик посебно за секој субјект. Државниот инспекторат за транспорт годишно извршува инспекциски надзори на повеќе од 5000 (пет илјади) субјекти, за да се пресметува ризикот за секој субјект посебно, невозможно е тоа да се направи без преходно да се зајакнуваат оперативните и административните капацитети на инспекторатот. Годишниот план за работа на Државниот инспекторат за транспорт ќе се изготвуваа согласно Методологијата за проценка на ризик, тогаш кога Инспекторатот ќе се опреми со соодветна ИТ-опрема со која ќе се врши детална анализа на секој субјект посебно.


3. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ

Врз основа на член 87-б став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл. весник на РМ“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18,163/18) Државниот инспекторат за транспорт е орган во состав на Министерство за транспорт и врски со својство на правно лице, има сопствена сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.

Согласно член 26 став 1 точка 1 од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ“ бр.102/19), кој гласи: „органи во состав на министерства – државни инспекторати од одделни области” Државниот инспекторат за транспорт е орган во состав на Министерство за транспорт и врски, додека по член 26 став 2 од истиот закон е пропишано и гласи: „Инспекциските служби од став 1 точка 1, имаат својство на правно лице”.

3.1. Со инспекциската служба раководи Директор

Организацијата на Државниот инспекторат за транспорт како и работните места, работите и задачите на вработените се утврдуваат со актите за внатрешна организација и систематизација на работнтие места, како што се прикажани на органограмот, во прилог:



Слика 1: Органограм на Државен инспекторат за транспорт

Институционалните надлежности кои ги спроведуваат државните инспектори при Државниот инспекторат за транспорт е вршење инспекциски надзори во спроведувањето на Законот за превоз во патниот сообраќај, Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, Законот за јавни патишта, Законот за жичари и ски-лифтови и Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност. Надлежностите на државните инспектори произлегуваат од горенаведените материјални закони, Законот за инспекциски надзор и подзаконските акти, билатералните и мултилатералните договори потпишани со странски земји и меѓународни организации.

Инстуционалните надлежности на државните администаривни службеници произлегуваат од сите области за кои се надлежни сообласно соодветните законите.Со овој Правилник се утврдува внатрешната организација на Државниот инспекторат за транспорт, видот и бројот на организациските единици, делокругот на работа на организациските единици и начинот на работа на Државниот

инспекторат за транспорт кој е орган во состав на Министерство за транспорт и врски, со својство на правно лице.

Внатрешната организацијата на Државниот инспекторат за транспорт се утврдува на начин што обезбедува законито, стручно, ефикасно и економично вршење на работите и задачите од делокругот на работа на Државниот инспекторат за транспорт, сервисна ориентираност кон граѓаните, физичките и правните лица, независност и одговорност при вршењето на службените задачи, соработка со други органи, приспособливост на организациските единици кон надлежноста на органот и кон потребите на граѓаните како и едноставност во хиерархиската поставеност на организациските единици, доколку се потполнат сите клучни работни места како што е предвидено.
При утврдувањето на внатрешната организација на Државниот инспекторат за транспорт се тргнува од неговата надлежност утврдена со закон, карактерот, обемот и степенот на сложеност на работите, нивната меѓусебна поврзаност и други услови за нивно ефикасно вршење.
Во зависност од видот, обемот и степенот на сложеноста на работите и задачите во Инспекторатот, меѓусебната сродност и поврзаност на тие работни задачи и другите услови потребни за нивно извршување, во Инспекторатот се формирани следните организациски единици, и тоа:

- Сектори
- Одделенија

ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

Во Инспекторатот се формираат следните организациски единици:

1. СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

1.1 Одделение за инспекциски надзор над јавни патишта,жичари и ски-лифтови.
1.2 Одделение за инспекциски надзор над патниот сообраќај.

2.СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО ПРАВНИ РАБОТИ И ОПШТИ РАБОТИ

2.1 Одделение за нормативно правни работи.
2.2 Одделение за општи работи.

Во Државниот инспекторат за транспорт се формираат следниве независни организациски единици и тоа:

3. Одделение за финансиски прашања

4. Одделение за управување со човечки ресурси

Составен дел на Правилникот за внатрешна организација на Инспекторатот е графичкиот приказ на внатрешната организацијата на Инспекторатот (органограм).

- Слаби административни и оперативни капацитети на Државниот инспекторат за транспорт за ефективно спроведување на законодавството од областа на патниот сообраќај-дефинирани се во Стратешкиот план за развој на инспекторатот;
- Државниот инспекторат за транспорт се соочува со големи проблеми со што се доведува во прашање законското работење поради недостаток на инспектори , ако го гледаме правилникот за организација и систематизација на ДИТ, кој ви е доставен со Годишната програма за работа за секој инспектор, од правилникот за организација и систематизација на работните места се гледа

дека цели сектори и одделенија се целосно празни и тоа со години, работите ги извршува несоодветен кадар со образование и звање. Во почетокот на трансформација на инспекциските служби имаше донесени неколку заклучоци од Владата на Република Македонија со цел да се подобри кадровската состојба и да можеме да ги имплементираме новите надлежности. Сите тие заклучоци остана без имплементација.

- Почитувани бараме од Вас како надлежни да ни помогнете да ги надминеме и решиме овие проблеми. Овие недостатоци се суштински за функционирањето на ДИТ и преставуваат голем ризик за законското функционирање и реализирањето на Годишната програма за работа за 2025 година.

- Државниот инспекторат за транспорт поседува стар возен парк кој не овозможува ефикасно, безбедно и ефективно работење на инспекторите, табела во прилог:

Ред. бр.	Градови	Регистарски таблички	Година на производство	ЗАБЕЛЕШКА
1.	СКОПЈЕ	**СК-2072-АК**	(1997)	Постапка за расход
2.	СКОПЈЕ	**СК-2855-АФ**	(2001)	
3.	ТЕТОВО	**СК-880-КФ**	(1998)	
4.	СКОПЈЕ	**СК-9152-АЕ**	(2007)	
5.	СКОПЈЕ	**СК-091-МЗ**	(1997)	Постапка за расход
6.	СКОПЈЕ	**СК-2073-АМ**	(1998)	
7.	СКОПЈЕ	**СК-736-КФ**	(1998)	Не е во возна состојба
8.	ГЕВГЕЛИЈА	**СК-698-ЛФ**	(1995)	Не е во возна состојба
9.	ГЕВГЕЛИЈА	**СК-516-ГН**	(1995)	
10.	СКОППЈЕ	**СК-756-ЈП**	(1996)	Не е во возна состојба
11.	ОХРИД	**СК-485-ГТ**	(1995)	
12.	КОЧАНИ	**СК-189-ЈЦ**	(1995)	
13.	СВ.НИКОЛЕ	**СК-812-ЈП**	(1995)	
14.	СВ.НИКОЛЕ	**СК-335-МЈ**	(2002)	
15.	СТРУГА	**СК-197-ЈХ**	(1996)	
16.	СКОПЈЕ	**СК-051-ЛМ**	(1995)	Не е во возна состојба
17.	БИТОЛА	**СК-373-КЈ**	(2001)	
18.	КР.КАЛАНКА	**СК-386-КК**	(2001)	
19.	РАДОВИШ	**СК-823-ГП**	(1996)	
20.	ПРИЛЕП	**СК-723-ХЕ**	(1996)	Не е во возна состојба
21.	КАВАДАРЦИ	**СК-852-КМ**	(1995)	
22.	ВЕЛЕС	**СК-867-ИЗ**	(1996)	Не е во возна состојба
23.	БЕРОВО	**СК-825-ГП**	(1996)	
24.	СКОПЈЕ	**СК-241-ЈЦ**	(1996)	Не е во возна состојба

Табела 1: Возен парк на Државниот инспекторат за транспорт

3.2. Преглед на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор

Во реализација на Годишниот план за работа за 2025 година при Државниот инспекторат за транспорт ќе учествуваат 29 (дваесет и девет) инспектори и тоа:

- **Одделение за патен собраќај**, во првото полугодиие ќе имаме вкупно 20 (дваесет) - инспектор од кои 1 (еден) Виш инспектор, 13 (тринаесет) -советник инспектор и 1 (еден) –самостоен инспектор, 1 (еден) - помошник инспектор и 4 (четири) помлад инспектор, кои се надлежни за спроведувањето на Законот за превоз во патниот сообраќај, Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај и Законот за работно време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот собраќај. Специфичноста на надзорите е од таков карактер што прекршоците се откриваат исклучително на терен.
- **Одделението за јавни патишта, жичари и ски-лифтови**, во првото полугодиие ќе имаме вкупно 9 - инспектори од кои 8 (осум) - советник инспектор кои се надлежни за спроведување на Законот за јавните патишта и 1 (еден) - советник инспектор надлежен за спроведувањето на Законот за жичари и ски-лифтови. Специфичноста на надзорите над јавните патишта е дека 90% се теренски надзори, надзор се врши над јавните држави патишта, односно,надзор не се врши на субјектот кој е надлежен за заштита и одржување на истите.

Табела 1: Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор во 2025 година, по вид, возраст и звање

Вид	Патен собраќај						Јавните патишта						Жичари и ски-лифтови						Вкупно инспектори					
Ниво-Звање/Возраст	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно
Б1 – генерален инспектор						0						0						0	0	0	0	0	0	0
Б2 – главен инспектор						0						0						0	0	0	0	0	0	0
Б3 – пом. главен инспектор						0						0						0	0	0	0	0	0	0
Б4 – виш инспектор		1				1						0						0	0	1	0	0	0	1
В1 – советник инспектор	0	2	1	6	4	13	0	0	2	2	4	8	0	0	0	0	1	1	0	2	3	8	9	22
В2 – самостоен инспектор			1			1						0						0	0	0	1	0	0	1
В3 – помошник инспектор			1			1						0						0	0	0	1	0	0	1
В4 – помлад инспектор	1	2	1			4						0						0	1	2	1	0	0	4
Вкупно	1	5	4	6	4	20	0	0	2	2	4	8	0	0	0	0	1	1	1	5	6	8	9	29

Табела 2: План за нови вработувања и пензионирања на инспектори – предлог

Вид	Патен собраќај			Јавните патишта			Жичари и ски-лифтови			Вкупно инспектори		
Ниво-Звање/Возраст	Враб.	Пенз.	Разлика	Враб.	Пенз.	Разлика	Враб.	Пенз.	Разлика	Враб.	Пенз.	Разлика
Б1 – генерален инспектор			0			0			0	0	0	0
Б2 – главен инспектор			0			0			0	0	0	0
Б3 – пом. глав. инспектор			0			0			0	0	0	0
Б4 – виш инспектор			0			0			0	0	0	0
В1 – советник инспектор	1	1	0	3	3	0	0	0	0	4	4	0
В2 – самостоен инспектор	1		1			0			0	1	0	1
В3 – помошник инспектор	0		0			0			0	0	0	0
В4 – помлад инспектор	0		0			0			0	0	0	0
Вкупно	2	1	1	3	3	0	0	0	0	5	4	1

3.3. Инспекциски надзор

Со Годишниот план за работа на Државниот инспекторат за транспорт за 2025 година се планира да се извршат вкупно 5247 инспекциски надзори, од кои: 1.редовни=4070 или 77.57%, 2.вонредни=539 или 10.27% и 3.контролни= 638 или 12.16%. Исто така очекуваниот број на неправилности кои се очекува да се откријат при извршувањето на инспекциските надзори се очекува да биде 1836 неправилности или изразено во проценти е 35.00%.

Образложение: Вкупниот број на неправилности кои се очекува да се остварат изнесува 1836 и истиот се разликува од бројот на контролни инспекциски надзори кој е планирано да изнесува 638. Разликата се јавува бидејќи инспекторите при вршење на редовни и вонредни инспекциски надзори во повеќе од 90% неправилностите ги утврдуваат на лице место, при констатирање на неправилноста вршење на превоз без лиценца и извод од лиценца се поведува прекршочна постапка и со решение се исклучува предметното возило од сообраќај во времетраење од 30 дена кое се издава и е конечна мерка.

Субјектите како и регионите, односно општините во кои ќе се вршаат вонредни и контролни инспекциски надзори не може однапред да се определат, но истите може само статистички да се определат како број на иницијативи за вршење на вонредни инспекциски надзори, додека контролните инспекциски надзори произлегуваат од претходно донесени решенија со мерка од спроведени редовни или вонредни инспекциски надзори.

Проценка на ризик е техничка операција која се врши со користење на софтерски алатки и податоци во информацискиот систем за инспекциски надзор. Бидејќи Државниот инспекторат за транспорт нема таква опрема невозможно е да се врши проценка на ризик за секој субјект посебно.

Анализата на ризици во областите кои ги покрива државниот инспекторат за транспорт произлегуваат од законите, како што се:

- Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкоит сообраќај,за превоз на опасни материи, освен овој закон се применуваат и одредбите од: Европската спогодба за меѓународниот патен превоз на опасни материи(ADR), од страна на Министерот е донесен Правилник за проценка на ризик кое е објавен во службен весник. Бидејќи овој закон се уште не е усогласен со Законот за инспекциски надзор не можеме да ја применуваме Методологијата за проценка на ризик.
- Закон за превоз во патниот сообраќај во член 86 е предвидено дека категоризацијата на прекршоците според степенот на сериозност и нивната зачестеност ги пропишува Министерот за транспорт и врски. Прекршокот според степен на сериозност може да биде помал, сериозен и многу сериозен. Овој закон исто така не е усогласен со Законот за инспекциски надзор и со Методологијата за проценка на ризик.
- Закон за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 140/18), Министерот за транспорт и врски донесе: Правилник за категоризација на прекршоците според степенот на сериозност и нивната зачестеност и прекршокот може да биде помал, сериозен и многу сериозен, кои се во согласност со AETR спогодбата. Истиот се уште не е усогласен со Законот за инспекциски надзор и Методологијата за проценка на ризик.
- Законот за жичари и ски-лифтови – не е Усогласен со законот за инспекциски надзор.

Табела 3: Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот за 2025 година, по региони и општини:

Ред.Бр.	Регион/Општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилн.
		Редовен надзор	Вонред. надзор	Контрол. надзор		
	Вардарски регион	**500**	**93**	**128**	**721**	**252**
1	Велес	99	14	22	135	47
2	Градско	43	11	24	78	27
3	Демир Капија	27	7	8	42	15
4	Кавадарци	82	14	23	119	42
5	Лозово	31	6	6	43	15
6	Неготино	80	15	17	112	39
7	Росоман	21	10	12	43	15
8	Свети Николе	85	10	12	107	37
9	Чашка	32	6	4	42	15
	Источен регион	**502**	**73**	**91**	**666**	**233**
10	Берово	77	6	12	95	33
11	Виница	31	7	14	52	18
12	Делчево	52	6	15	73	26
13	Зрновци	3	1	2	6	2
14	Карбинци	10	4	4	18	6
15	Кочани	81	8	8	97	34
16	Македонска Каменица	28	5	4	37	13
17	Пехчево	37	6	3	46	16
18	Пробиштип	61	6	8	75	26
19	Чешиново	18	7	5	30	11
20	Штип	104	17	16	137	48
	Југозападен регион	**879**	**79**	**91**	**1049**	**367**
21	Вевчани	40	5	7	52	18
22	Дебар	35	10	5	50	18
23	Дебарца	38	10	8	56	20
24	Кичево	54	12	9	75	26
25	Македонски Брод	40	5	4	49	17
26	Охрид	314	14	25	353	124
27	Пласница	18	4	5	27	9
28	Струга	324	14	23	361	126
29	Центар Жупа	16	5	5	26	9
	Југоисточен регион	**396**	**78**	**57**	**531**	**186**
30	Богданци	36	5	5	46	16
31	Босилово	30	4	4	38	13
32	Валандово	37	10	5	52	18
33	Василево	23	8	3	34	12

34	Гевгелија	94	13	13	120	42
35	Дојран	38	7	4	49	17
36	Конче	14	4	3	21	7
37	Ново Село	16	7	4	27	9
38	Радовиш	47	7	10	64	22
39	Струмица	61	13	6	80	28
	Пелагониски регион	**561**	**45**	**84**	**690**	**242**
40	Битола	220	11	20	251	88
41	Демир Хисар	55	6	10	71	25
42	Долнени	15	2	3	20	7
43	Кривогаштани	8	2	3	13	5
44	Крушево	21	3	8	32	11
45	Могила	15	4	8	27	9
46	Новаци	15	3	8	26	9
47	Прилеп	123	8	15	146	51
48	Ресен	89	6	9	104	36
	Полошки регион	**511**	**61**	**94**	**666**	**233**
49	Боговиње	27	4	5	36	13
50	Бревеница	17	5	5	27	9
51	Врапчиште	22	3	2	27	9
52	Гостивар	106	8	18	132	46
53	Желино	78	8	13	99	35
54	Јегуновце	58	7	4	69	24
55	Маврово и Ростуша	66	5	11	82	29
56	Теарце	19	3	10	32	11
57	Тетово	118	18	26	162	57
	Североисточен регион	**292**	**65**	**53**	**410**	**144**
58	Кратово	11	6	4	21	7
59	Крива Паланка	91	11	13	115	40
60	Куманово	123	30	20	173	61
61	Липково	5	6	2	13	5
62	Ранковце	51	9	11	71	25
63	Старо Нагоричане	11	3	3	17	6
	Скопски регион	**429**	**45**	**40**	**514**	**180**
64	Аеродром	10	5	5	20	7
65	Арачиново	10	3	1	14	5
66	Бутел	20	5	6	31	11
67	Гази Баба	10	1	4	15	5
68	Ѓорче Петров	45	2	5	52	18
69	Зелениково	8	2	1	11	4
70	Илинден	66	6	2	74	26
71	Карпош	34	3	2	39	14
72	Кисела Вода	8	1	1	10	4
73	Петровец	62	3	1	66	23
74	Сарај	45	2	3	50	18

75	Сопиште	1	2	2	5	2
76	Студеничани	1	3	1	5	2
77	Центар	54	1	1	56	20
78	Чаир	45	1	1	47	16
79	Чучер-Сандево	5	3	2	10	4
80	Шуто Оризари	5	2	2	9	3
	ВКУПНО:	**4070**	**539**	**638**	**5247**	**1836**

3.4. Обука на инспекторите и административните службеници

Реализацијата на Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој вработен за 2025 година ќе придонесе за: унапредување на вештините за професионално однесување при извршување на инспекцискиот надзор и при извршување на административните работи, изградба на личниот интегритет на инспекторите и подобрување на вештините поврзани со инспекцискиот надзор во надлежните. Исто така реализацијата на Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор во наредната година ќе обезбеди инспекторите да се стекнат со нови и современи знаења и вештини во надлежните области кои се од суштинско значење за нивната работа и значително ќе придонесат за подобрување на меѓусебната сооработка и комуникација. Главната причина за обучување на инспекторите е потребата од зајакнување на индивидуалните капацитети на секој инспектор во надлежната област за доследно спроведување на законските прописи во Република Северна Македонија, како еден од клучните предуслови во евроинтегративните процеси на државата. Предвидените области и теми за обука на инспекторите се резултат на анализата на потребите за индивидуално стручно усовршавање на инспекторите во нивните надлежни области со која се идентификувани најрелевантните и потребни теми за обука опфатени со Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор во наредната година но и најефикасните методи за спроведување на обуката за инспекциските служби.

За спроведување на Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор во тековната година и постигнување на посакуваните резултати потребно е: зајакнување на административните капацитети на инспекторатот посебно со инспекциски кадар, обезбедување на финансиски средства за реализација на годишниот план, обезбедување на стручни обучувачи: за некои области треба да се обезбедуваат услови за теренска обука и др.

Во согласност со член 50 став 2 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 102/2019), во Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2025 година, се вклучени најмалку три генерички обуки од Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2025 година, која е изготвена од страна на Инспекцискиот совет (член 49 став 3 одЗаконот за инспекциски надзор) со арх.бр.02-579/1 од 20.06.2024 година.

За таа цел конкретно се идентификувани области и темите како слабите точки при постапување на инспекторите и нивната улога во извршување на квалитетни целите од Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2025 година се вклучени следните:

- Годишната програма за стекнување знаење и вештини ги опфаќа следните теми:

Тема 1.13 – Спречување на корупција

6 часа предавање/вежба

Превенција и управување со ризици од корупција

- Идентификување на факторите на ризикот од корупција: системски фактор, човечки фактор, институционален фактор
- Најчести форми на корупција при вршење на инспекциски надзори и управување со истите;
- Ризик од корупција при процес на издавање на сертификати, лиценци и одобренија.

Управување со судири на интереси?
- Што е судир на интереси?
- Важноста на управување со судир на интереси
- Професионално однесување на службени лица
- Избегнување на судир на интереси
- Улога на инспекторот и на институцијата во управувањето со судирот на интереси

Имплементација на концептот интегтитет
- Што е интегритет?
- Елементи на концепт на интегритет
- Имплементација на политика за интегритет и нејзино следење

Процес на заштитено укажување
- Укажувач – чувар од злоупотреби и неправилности
- Етички стандарди и улога на системите за укажување
- Внатрешен систем за укажување во институција
- Процес на заштита на укажувачи

Тема 1.15 – Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор, Е-инспектор

6 часа предавање/вежба

- Најава на е-инспектор (пристап во зависност од работна позиција)
- Главно Мени
- Почетна страна
- IT Help Desk
- Субјекти на надзор
- Инспекциска постапка
- Налози – пристап до компонента за креирање/модификација/преглед на налози

- Инспекциски предмети – пристап до главна компонента за креирање и менаџмент на инспекциски предмети
- Инспекциски записници
- Инспекциски решенија
- Листи за проверка
- Ризици
- Специфични елементи на ризици
- Критериум на ризици

- Планови
- Годишни планови
- Месечни планови
- Распределба на тежина на надзор

Тема 1.16 – Пријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка

6 часа предавање/вежба

- Пријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор:
- Поведување на прекршочна и/или кривична постапка против субјектот на инспекциски надзор, до надлежен орган
- Како се поднесува кривична пријава?
- Како се врши прием на писмени кривични пријави и други поднесоци?
- Дали вработениот може да одбие да прими кривична пријава или поднесок?
- На каков јазик се доставуваат поднесоците?
- Кое обвинителство е надлежно да постапува во конретен предмет?
- Како постапува јавниот обвинител по приемот на кривичната пријава?
- Поведување на прекршочна и/или кривична постапка согласно член 79 од законот за инспекциски надзор – (Право на инспекторот при вршење на инспекциски надзор)

Пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка
- Обврска за спроведување на корупција
- Што е корупција
- Видови на корупција
- Начела во законот за спречување на корупција и судир на интереси
- Елементи на корупција
- Што е заштитено пријавување?
- Категории на лица кои можат да се јават во својство на укажувачи
- Како и каде се врши заштитено внатрешно пријавување?
- Како се уредува заштитено внатрешно пријавување во институциите?

Во следната табела на прегледен начин е прикажана содржината на програмата, времетраењето на темите временскиот распоред за нивно реализирање, во зависност од начинот на нивна реализација.

Генерички обуки за инспекторите за 2025 година

Бр.	Тема	Број на часови	Временски распоред	
			во училница	LMS платформа
Тема 1.13	Спречување на корупција	6	49-та седмица	Јан/Дек
Тема 1.15	Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор, Е-инспектор	6	51-та седмица	Јан/Дек
Тема 1.16	Пријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка	6	52-та седмица	Јан/Дек

3.5. Буџет и финансирање

Вкупните финансиски средства во **предлог буџетот** за 2025година потребни за реализација на сите планирани Програми и Планови,набавка на нови возила,ИТ-опрема,програма за работно време,програма за сметководство и други функци на нормално функсионирање на инспекторатот не се доволни и не се одобрени средства за реализација на Стратешкиот план за развој на инспекторатот.

13004 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ – **ПРЕДЛОГ БУЏЕТ 2025**	
22 Ннспекторати	**51.873.000 денари.**
РАСХОДИ	**51.873.000 денари.**
40 - Плати и надоместоци	**42.643.000**

401-Основни плати	30.125.000 денари.
402-Придонеси за социално осигурување	11.978.000 денари.
404- Надоместоци	540.000 денари
42- Стоки и услуги	**8.180.000**
420-Патни и дневни расходи	80.000
421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	4.000.000
423- Материали и ситен инвентар	800.000
424- Поправка и тековно одржување	1.400.000
425- Договорни услуги	1.300.000
426- Други тековни расходи	600.000
46- Субвенци и трансфери	**450.000**
464- Разни трансфери	**450.000**
48-Капитални расходи	**600.000**
480- Купување на орема и машини	400.000
486- Купување на возила	
1-Инспекторат	**51.873.000 денари**
19-Плати и надоместоци	**42.643.000 денари**

3.6. Меѓународна сооработка

Соработката со странски организации што се вклучени во активности слични на оние што ги извршува Државниот инспекторат за транспорт, се меѓународни организации фокусирани на реализација на размената на информациите и споделувањето добри оперативни практики.

Се подобрува преносот и споделувањето информации меѓу различни организации како и превенција и/или елиминација на можниот недостиг на координација и попречување што генерира неефикасност со цел подобрување на ефикасноста што произлегува од истите интеракции.

Во согласност со препораките на ЕК и негативната оценка, кои се содржани во Извештајот на ЕК за напредокот на РСМ а се однесуваат за Стратешкиот план за развој на инспекторатот кој е финансиран од ЕУ, се отпочна меѓународна соработка со канцеларија на ЕУ во Скопје. Од месец Октомври започна twinning проектот во конзорциум Р.Полска и Р.Хрватска кој ќе се реализира во наредните 27 месеци преку размена на искуства, помош во донесување на законски решенија закони и подзаконски акти со цел поголема функционалност и ефикасност на инспекторатот на терен

Од страна на канцеларија на ЕУ преку Suprae програма е спроведен тендер за набавка на нови возила и набавка на специјално возило и опрема, кој тендер е затворен на 28 Август при што не е изберен најповолен понудувач и истиот ќе биде предмет на реобјава до крајот на 2024 година.

Во ЕУ постојат три здруженија што ги контролираат и ги спроведуваат правилата во патниот сообраќај: - Euro Controle Route(ECR), - Конфедерација на организации за зајакнување на патниот сообраќај (CORTE) и - Европската мрежа на сообраќајни полиции (TISOL). За реализација на меѓународната сооработка нема средства во буџетот на инспекторатот за 2025 година.

2.7. Други активности на инспекциската служба

Соработка и координација со здруженија на превозници, државни органи и други асоцијации се со единствена цел за намалување на сивата економија, постигнување на подобри резултати на транспортните компани, постапување по нивните барања за решавање на проблемите кои се појавуваат и кои се во наша надлежност.

За поефикасно справување со детектираните проблеми и решавање на истите птребно е зајакнување на административните и оперативните капацитети на Инспекторатот за постигнување на планираните активности и очекуваните резулати.